УДК: 325.83(=161.1)"18"
329(470+571):323.272"18"

Македонка Митрова
m.mitrova@yahoo.com

# РУСКОТО НАРОДНИШТВО: ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД

*Апстракт.* – Научниот фокус на оваа статија се однесува на појавата на посебното револуционерно движење во Руската Империја познато под името: народништво (народничество). Ова политичко движење, воглавно било движење на руската интелигенција во текот на втората половина на XIX век. И истото имало за цел модернизација на руското општество во конкретното историско време. Во својата суштина, народништвото се позиционирало на здружување на интелигенцијата со селанството, сметајќи дека социјалните и етичките идеали (принципите на селската општина) можат да станат појдовна точка на социјалната реконструкција во руската држава.

*Клучни зборови.* – Херцен, Чернишевски, Земја и волја, Народна волја.

## ВОВЕД

Во текот на XIX век паралелно со анархистичкото и социјалистичкото движење во Западна Европа, во Руската Империја се појавува посебно револуционерно движење познато под името: народништво (*народничество*). Ова политичко движење, воглавно било движење на руските интелектуалци во текот на 1860-те и 1870-те години на XIX век. Имено, свесноста кај руската интелигенција дека живее во една заостаната европска земја во конкретното историско време претставувала главен двигател за појавата на народничката идеологија.[1] И токму затоа овој фактор ги мотивирал руските интелектуалци да започнат да се заложуваат за модернизација на општеството. Сепак, прогресивните инте-

[1] Руските писатели коишто биле нејзини современици: Тургењев и Достоевски ги прифатиле народничките идеи и истите ги инкорпорирале во своите дела.

лектуалци не можеле да бидат само приврзаници кон „европската модернизација“ на земјата затоа што западниот либерализам и капитализам не претставувале соодветни примери коишто Русија би можела да ги следи, поради фактот што единствената можна масовна и потенцијална револуционерна сила во државата би било селанството. Па така, како компромисна солуција за излез од ваквата ситуација во руската држава се појавило автохтоното народништво. Всушност, во својата суштина народништвото се позиционирало на здружување на интелегенцијата со народните маси, главно селанството, верувајќи дека социјалните и етичките идеали (принципите на селската општина) можат да станат појдовни точки на социјалната реконструкција во руската држава. А, како важни иницијални причини за настапувањето на народништвото на историската сцена во Царска Русија се сметаат: политичкото уредување (коешто било полуфеудално) и автократското владеење на рускиот цар. И двата сегмента преставувале анахронизам во тогашното историско време. Овој систем на владеење се одржувал во Русија затоа што немало силна средна класа и заради традиционалната лојалност или пасивност на закрепостеното селанство коешто ја прифаќало власта на благородништвото верувајќи дека истото доаѓа од Бога и го почитувало Царот бидејќи тој ја претставувал „Света Русија“.[2] Впрочем, последниве два постулата претставуваат и базични сегменти на државничката идеологија во Руската Империја, преку којашто руските владетели успешно владееле со земјата низ историското време. Од друга страна, руското селанство ја прифаќало својата потчинета и закрепостена состојба и заради тоа што можело спокојно да се занимава со своите скромни работи во рамките на селските општини (т.н. мирови). Овие селански заедници веќе од 40 - те години на XIX век го привлекле вниманието како на руските, така и на странските општественици.

## 1. ИДЕОЛОЗИТЕ И ПРАВЦИТЕ ВО НАРОДНИШТВОТО

Кај развојот на идеологијата на народништвото во Царска Русија може да се забележат и нејзините развојни фази во периодот од околу две до три децении. Всушност, внимателната анализа открива и формирање на разни правци и нивни нијанси во делувањето. Па така, во текот на 1840 - тите и 1850 – тите години, рускиот мислител Александар Ивано-

[2] Hobsbawn 1989, 131.

вич Херцен[3] споредувајќи ги општествените контексти на Русија со Западна Европа, дошол до заклучок дека социјализмот најпрвин мора да се воспостави во Русија, а неговата главна „клетка“ требало да биде селската општина. Ваквото негово согледување, воопшто не било случајно и истото било иницирано заради тогашниот пораз на граѓанските револуции од 1848-1849 година во земјите од Западна Европа.[4] Впрочем, неуспехот на европските граѓански револуции оставило длабок впечаток кај Херцен и воедно придонело за губењето на вербата во европскиот социјализам и разочарување од истиот. И покрај тоа што Херцен припаѓал на руското благородништво, сепак, неговиот општествен статус не претставувал пречка за него да ги прифати европските социјалистички идеи, сметајќи ги за прогресивни и поволни во однос на развојот на човековото општество. Имено, тој бил особено свесен дека настапило и времето

[3] Александар Иванович Херцен бил роден во 1812 година во аристократско семејство во Москва. Херцен се запишал и студирал на физичко-математичкиот смер на Филозофскиот факултет при Московскиот Универзитет. Тој бил руски писател и мислител, познат како „татко на рускиот социјализам“ и како идеолошки предвесник на народничкото движење. Во 1847 година, тој ја напуштил руската држава и повеќе не се вратил во неа. Неговото гласило *Колокол* (Ѕвоно) што го објавувал во Лондон од 1857 до 1867 година било многу читано меѓу руската интелигенција. Неговите трудови ја поттикнале борбата за ослободување на закрепостените селани во 1861 година. Инаку тој соработувал и бил во добри односи со Бакунин за време на неговиот престој во Лондон. Починал во 1870 година во Париз.

[4] Граѓанските револуции (1848 - 1849) коишто во некои држави биле означени и под синтагмата *Пролетта на народите* започнале во февруари во Франција и веднаш се прошириле во поголемиот дел на Европа и во некои делови на Латинска Америка. Со овој револуционерен бран биле опфатени повеќе од пет европски држави, но немало координација или, пак, соработка меѓу револуционерите од различни земји. Она што е интересно да се потенцира е дека пет фактори се заеднички за овој револуционерен бран низ државите: широкото незадоволство од политичкиот врв, барањата за поголемо учество во власта и претставничката демократија, барањата на работничката класа, избивањето на национализмот и на крајот прегрупирањето на реакционерните сили со поддршка на монарсите, аристократијата, војската и селанството. Револуцијата била водена од нестабилни ад хок реформисти, составени од средната класа и работниците коишто не успеале да опстојат долго. Единствена значајна трајна реформа била укинувањето на феудализмот во Австриското Царство, крајот на апсолутистичката монархија во Данска и дефинитивниот крај на владеењето на ограноците на династијата Капет во Франција. Имено, европската револуција во 1848 година предизвикала крах на старите режими низ целата континентална Европа, западно од Русија и османлиската држава, од Копенхаген до Палермо, и од Брашов до Барцелона. Меѓутоа, таа насекаде пропаднала.

во коешто требало да се реформира и руската држава. Во овој историски контекст, Херцен ги формулирал и барањата за социјалните и политичките промени во Царска Русија, модифицирајќи ги според тогашните руски услови.[5]

Па така, според Херцен, селската заедничка сопственост на земјиштето, селанската идеја за правото на земјата и секуларната самоуправа требале да бидат основа за градење на социјалистичкото општество. „Рускиот социјализам“ на Херцен бил фокусиран на селанството како негова социјална база, и токму затоа го добил и името „селански или пак, аграрен социјализам“. Неговите главни цели биле следниве: да ги ослободи селаните со нивната земја без никаков откуп, да го елиминира земјопоседникот и да воведе селанска општинска самоуправа независна од власта.[6] Подоцна, овие одредби на Херцен биле усвоени од страна на народниците, поради што тој се нарекува и како основоположник на народништвото во руската држава, со што била означена и првата фаза во равојот на оваа идеологија. После него, настапиле генерациите на новите руски народнички теоретичари коишто потекнувале од различно општествено милје.

На почетокот од шеесеттите години на XIX век, руската држава се нашла на крстопат. Латентната криза во текот на триесеттогодишното владеење на Николај I (1825 - 1855) станала видлива со поразот во Кримската војна (1853 - 1856). Во средиштето на кризата се наоѓал крепосниот систем. Неговото опстојување го попречувало напредокот на капитализмот во Русија. Сите прашања за нејзиниот иден економски и општествен развој биле поврзани со содржината и начинот на решавањето на селанското прашање. Околу ова се заострила политичката борба помеѓу разните општествени сили во Царска Русија. Соочен со револуционерното вриење на масите, царизмот настојувал по пат на реформи да ги ублажи спротивностите во руското општество и истовремено да ја задржи иницијативата во своите раце. Па затоа, на 19 февруари 1861 година, од страна на рускиот цар Александар II (1855 - 1881) била донесена *Уредба за селаните кои се ослободени од крепосната зависност* и земјата била дадена на селаните на привремено користење. Меѓутоа, ослободувањето на селаните било делумно и ваквата половична реформа ги создала и условите за незадоволство во селото, а управните, законските

[5] Perović 1985, 95.

[6] Народолюбцы и тираноборцы: Освободительное движение 60-х годов // Николай Троицкий (последен пат пристапено на 1 јули 2025 година).

и другите царски реформи (1864 - 1870) не успеале да ја отстранат слабоста на царската автократија ниту пак, да ја надокнадат традиционалната лојалност којашто системот почнал да ја губи.[7] Кога прашањето за ослободувањето на селаните веќе било поставено од страна на самиот царизам, не можело повеќе да се спречи руската интелигенција да бара и по радикални отстапки од самата власт. Ова воедно претставувало и појдовна основа за експлицитното настапување на руската народничка мисла, чијшто претставник претставувала интелигенцијата од разните општествени слоеви или т.н. разновидна интелигенција (интелигенцијата на декласираното благородништво, студентите, трговците и донекаде и селаните). И со самото тоа се формирале и првите политички платформи за делувањето на руските интелектуалци со народничка ориентација за суштинско реформирање на државата.

Народништвото во своето теориско и практично изразување поминувало низ сложена идејно-политичка еволуција. Почетоците на неговото општествено-политичко формирање започнувале од нелегални или полулегални кружоци, групи и организации кои се создаваат уште пред укинувањето на крепосниот систем, а во шеесеттите години на XIX век, веќе било воочливо нивното диференцирање на умерено-пропагандна и радикално-револуционерна струја. Како највлијателни во овој најран период станале кружоците на Харковскиот Универзитет (1856 - 1858) и Московскиот кружок (1861) кои ги создавале своите први политички програми за делувањето на народниците.[8]

Во текот на шеесеттите години на XIX век, народничката интелигенција претежно се собирала околу весникот „Современик“, чијшто главен редактор и идеолог бил Николај Гаврилович Чернишевски.[9] Идејата за селанско - општинскиот социјализам, формулирана од страна на Херцен ја дообработил токму Н. Г. Чернишевски. Но, за разлика од Херцен, тој на селската општина гледал поинаку. За него, селанската заед-

[7] Hobsbawn 1989, 132.

[8] Чорбић 2014, 80.

[9] Николај Гаврилович Чернишевски бил роден во 1828 година во свештеничко семејство во градот Саратов. Тој се запишал и студирал на историско-филолошкиот оддел на Санктпетербуршкиот Универзитет. Под влијанието на револуцијата во 1848 година во Европа, тој станал приврзаник на социјалистичките идеи. Затоа Чернишевски се залагал за револуционерното отфрлување на автократскиот царски режим во Русија и создавање на социјалистичко општество, базирано на селската општина. Неговиот роман *Што да се прави?* станал инспирација за мнозина руски револуционери. Тој починал во 1889 година во Саратов.

ница претставувала патријахална институција на руското живеење, која е повикана првин да ја исполни улогата на „задругарската форма на производство“ паралелно со капиталистичкото производство и на тој начин да ја помести оската на капиталистичката економија и конечно да го воспостави колективното производство и потрошувачката. Основното, според него, било всушност, прашањето за сопственоста. Затоа руската општина, во којашто се зачувал принципот на колективното сопствениште, Чернишевски ја перцепирал како преодна форма кон социјализмот. Тој инсистирал на револуција во којашто примарна задача би била ослободувањето на селаните со земјата и на општината како еден вид на насочена форма кон директниот канализиран премин спрема социјализмот. Теоријата на револуцијата, Чернишевски ја создавал според условите во Руската Империја. Можноста за прескокнување на капитализмот преку селанска револуција, значело обид да се избегне новото заостанување на руската држава во однос на Европа. Во размислувањата на Чернишевски биле содржани сите оние идеи (селанската револуција, општината, прашањето на капитализмот и односот кон Западна Европа, улогата на знаењето, критички мислечкото малцинство) коишто во текот на седумдесеттите години на XIX век се развиле во рамките на народништвото како негови три разни правци. Па така, и *ткачевизмот* (или т.н. *јакобинско-бланкистички* правец[10] познат и како социјално-револуционерен) којшто сметал на брзото освојување на власта од

[10] Мошне е интересно како овие два поима: јакобинството и бланкизмот во руската историја се поистоветуваат, затоа што низ францускoто историско време, тие се разликуваат и временски и суштински. Па така, јакобинството ја означува крајната левица во француската буржоаска револуција во XVIII век, а бланкизмот претставува доктрина настаната во XIX век, како реакција на новите нееднаквости во француското општество чијашто крајна цел бил социјализмот. Претставниците на јакобинско - бланкистичкиот правец во руското народничко револуционерно движење го поистоветиле јакобинството со бланкизмот и самите себе започнале да се именуваат како јакобинци и бланкисти. Ваквото нивно именување воедно покажува која струја од западно европската револуционерна мисла и пракса им била најблиска и со самото тоа тие се дистанцирале и од другите струи во руското народничко револуционерно движење - анархисти и прогресисти или т.н. лавристи. Во руската историја јакобинството и бланкизмот се поврзуваат, пред сè во проектирањето на идното посакувано општество. Всушност, тие тежнеат кон истата цел како и останатите правци во народничката мисла: прескокнување на капитализмот и директно воспоставување на социјализмот како на општество на целосна еднаквост - економска, морална дури и умствена. Единствената разлика кај нив од другите народнички правци е во методологијата на дејствувањето кон посакуваната цел.

револуционерното малцинство и неговото зацврстување по пат на диктатура, и кој на народот гледал како на средство за своите преобразувачки намери од страна на поедините револуционери; и *лавризмот* (или т.н. либерално револуционерен правец) со својата идеја за долгата подготовка на народот за револуција по пат на знаење, но и со идејата за партија како критичко мислечки субјект на револуцијата; и *бакунизмот* (или т.н. анархистички правец) со селанската револуција чијшто актер е самиот народ како инстинктивен социјалист – барале своја потпора во теоријата на Чернишевски.[11] Сите овие правци своето име го добиле според нивните идеолози: Ткачов[12], Лавров[13] и Бакунин[14]. И секој од нив,

[11] Perović 1985, 112.

[12] Петар Никичев Ткачов бил роден на 11 јули 1844 година во с. Сивцово, Псковскаја губернија на Руската Империја. По своето потекло, тој припаѓал на сиромашно благородничко семејство. На правен факултет на Санктпетербуршкиот Универзитет, Ткачов се запишал во есента 1861 година. Истиот го завршил во 1868 година. Тој научил англиски, француски, германски и латински јазик. Веќе во 1862 година, Ткачов почнал да се занимава со публицистичка работа. Паралелно со пишувањето на публицистички трудови, тој постојано дејствувал и како револуционер. Одржувал врски со тајните народнички кружоци. За време на студентските немири во зимата 1868-1869 година, бил создаден револуционерен комитет во којшто членувал и Ткачов. Тој заедно со неговиот пријател Нечајев, го напишале документот „Програмата на револуционерните акции". Суштината на овој документ се состои од следново: „социјалната револуција е крајната цел", а „политичката револуција е единственото средство да се реализира крајната цел". А, задачата на свесните револуционери била да ја забрзаат револуцијата. За таа цел, „Програмата на револуционерните акции" како практична задача го поставила „создавањето на голем број на луѓе според револуционерен образец и формирање на револуционерна организација којашто би се занимавала со ширење на револуционерните прокламации, формирање на фонд за револуционерна дејност, организирање на студентските собири и поединечни протести. Во документот „Програмата на револуционерните акции" бил изложен и планот за подготовката на револуцијата. Трудовите на Ткачов извршиле големо влијание врз создавањето на една тајна револуционерна организација во руската држава како што била *Народна Волја*. За разлика од другите руски револуционерни мислители, Ткачов во своите пишувања најмногу внимание посветил на улогата на револуционерот по уништувањето на апсолутизмот, односно на улогата на револуционерната држава во нејзината „градителска фаза", т.е. во фазата на воспоставувањето на новото општествено уредување. По прогонството од страна на царската власт, тој заминал во Европа и починал во Париз во 1886 година.

[13] Петар Лаврович Лавров бил роден во 1823 година во Руската Империја. По потекло припаѓал на благородничко семејство. Тој завршил артилериско училиште во Санкт Петербург. Во 1860 година, активно учествувал во литературните и општествените дејности на студентското движење и станал близок пријател со Николај Чер-

нишевски. Тој бил член на организацијата *Земја и волја* од 1862 година, а подоцна и на *Народна волја*. После неуспешниот атентат на Караказов врз Александар II, Лавров бил затворен и подоцна протеран од државата. Во странство го напишал својот најпознат труд со наслов *Историски писма* (1868-1869). Во 1871 година, тој учествувал во Париската комуна. Потоа, тој заминал за Лондон, кадешто се запознава со Карл Маркс и Фридирик Енгелс. Од 1873 до 1877 година бил редактор на списанието *Напред*. Починал во 1900 година во Париз.

[14] Михаил Бакунин бил роден во благодорничко семејство во 1814 година во градот Премухин, Царска Русија. Со своите четири сестри и петмина браќа, М. Бакунин многу рано бил упатен на учење на странски јазици, историја, литература и музика. По завршувањето на артилериското училиште (1828-1833), тој служел во руската царска војска како потпоручник. Иако, М. Бакунин бил син на благородник, по долгите расправии со својот татко, тој набргу ја напуштил службата во царската војска за да студира филозофија во Берлин (1840), кадешто особено го привлекле идеите на Хегел. Во Берлин, М. Бакунин се придружил на радикалните студенти на т.н. „хегелијанска левица" со што се приклучил на социјалистичкото движење. Набргу тој го напуштил студирањето и своите интереси ги канализирал кон промовирањето на социјалната револуција. Во периодот до 1849 година, револуционерната активност на Бакунин била инспирирана од селанската демократија, којашто била моделирана спрема сликата на словенската селанска општина. Со своите идеи, тој учествувал на Словенскиот конгрес и во востанието во Прага (1848), а своите погледи ги резимирал во брошурата *Апелот кон Словените*. Заради неговото учество во Дрезденското востание (1849), М. Бакунин бил затворен. Во наредниот период, на него му претстоело дванаестгодишното страдање низ затворите во трите царства: германското, австриското и руското. Во 1864 година, тој успеал да замине во Италија. Конкретно, овој период од неговиот живот се смета и како граничен во развојот на анархистичката доктрина којашто ќе остане врзана со неговото име. Во Италија во 1864 година, М. Бакунин го формирал Интернационалното братство, познато и како „Алијанса на револуционерните социјалисти". Во неговото тајно друштво имало членови од Шведска, Норвешка, Данска, Белгија, Велика Британија, Франција, Шпанија, Полска и Русија. На овој начин, Бакунин започнал да го подготвува и истовремено реализира својот план за создавање на револуционери коишто ќе ја шират анархистичката пропаганда и ќе се подготвуваат за т.н. директна акција. Во јули 1868 година, М. Бакунин влегол во женевската секција на Интернационалата. За време на француско-пруската војна (1870-1871), тој учествувал во побуната во Лион (1870) и во создавањето на Одборот за спас на Франција. Со настапувањето на Париската комуна (1871) на историската сцена, М. Бакунин станал нејзин главен поддржувач. Тој ја перцепирал Комуната како „бунт против државата". Борбата помеѓу централистичката (т.н. марксистичка) и федералистичката (т.н. бакунистичка) струја во Интернационалата се разгорела после Лондонската конференција (1871). Веќе, во 1872 година на Хашкиот конгрес, М. Бакунин бил исклучен од Првата Интернационала. Неговото исклучување било иницирано од страна на Карл Маркс кој не се согласувал со анархистичките тези и политичките концепти на М. Бакунин околу организирањето на револуционерната перспектива на работниците. После исклучувањето од Интернационалата, тој се

одиграл важна улога во идејно-политичкиот развој на народничката идеологија.

## 2. НАРОДНИЧКИТЕ РЕВОЛУЦИОНЕРНИ ОРГАНИЗАЦИИ

После реформата од 1861 година, којашто не довела до дефинитивно ослободување на селанецот, Русија влегла во револуционерниот период од своето постоење. Веќе во есента 1861 година, избиле демонстрации на универзитетите. Како последица од нив, голем број на студенти ги изгубиле стипендиите и многу од нив биле избркани од студиите и протерани низ покраините. Оваа „раселување“ на студентите низ цела Русија било од големо значење во однос на зголемувањето на незадоволството кај самото население. Во август 1861 година се создала тајната револуционерна организација под име *Земја и волја* во Санкт Петербург, којашто опстојувала само до 1864 година. За свои духовни водачи оваа прва тајна организација ги сметала Херцен и Чернишевски.[15] Со настапувањето на оваа организација на историската сцена започнала и втората фаза во развојот на народничката идеологија која се карактеризира со лутање во разни насоки во однос на изнаоѓањето на соодветните практики во начинот на функционирањето. Во името на организацијата било содржана и самата програма: земјата на селаните и народната волја за политичка слобода. Репресивните мерки што власта ги преземала во клучната 1861 година, особено после студентските немири, го зацврс-

---

повлекол од практичната револуционерна дејност и се навратил кон пишувањето на своето веќе започнато капитално дело *Државност и анархија.* Меѓутоа, дванаестгодишното престојување во затворите на трите царства го земале својот данок и неговата изненадна смрт на 1 јули 1876 година во Берн, придонеле неговото дело да остане недовршено. Она што е интересно да се апострофира е тоа што М. Бакунин ја развивал тезата дека револуцијата значи рушење на државата, а дека секоја политичка револуција која не би имала за цел економска еднаквост, истата не претставувала ништо друго туку сокриена реакција. Тој во своите размисли за револуцијата поаѓал секогаш од истата теза: ниту една политичка револуција, без разлика на тоа колку може да биде насилна, никогаш не се осмелува да удри против светоста на државноста. Според него, важните цели на пролетерската борба се социјалното и економското ослободување, а патот кон ова ослободување не треба да биде политички затоа што ваквиот пат доведува до авторитативна форма на организација, од којашто произлегуваат и сите проблеми. Всушност, најзаслужен за создавањето и ширењето на анархистичкото движење бил М. Бакунин. Неговото име подеднакво е поврзано со историјата на европскиот и на рускиот анархизам.

[15] Народолюбцы и тираноборцы: Освободительное движение 60-х годов // Николай Троицкий (последен пат пристапено на 1 јули 2025 година).

тиле уверувањето дека во Русија, која „го зазема последното место во Европа според својот општествен развој“, револуционерниот терор станува неизбежен и како средство за одбрана на револуционерите и како средство за рушење на еден стар систем и воедно како мерка за будење на инертниот народ.[16] Впрочем, руските револуционери многу јасно укажувале за оваа состојба на државниот врв. Во овој контекст, Серно-Соловјевич, еден од организаторите на *Земја и волја,* му напишал писмо од затворот на рускиот цар Александар II: „Кај нас, скоро секој поединец ја перцепира другата личност којашто не се сложува со него како непријател... Од репресивните мерки не треба да се очекува ништо добро. Нема сомнеж дека со нив е можно да се задуши раздразливоста и бунтот кај населението. Но, со овие постапки нема да се отстрани и причината... А, последиците од вакво нешто секогаш можат да бидат двојни: под притисок на репресивните мерки, може целата бунтовна народна маса да се пасивизира... - меѓутоа, со остатоците од вакви морални сили, Русија нема да ја издржи конкуренцијата со Европа - или, пак, од друга страна, не е за игнорирање и можноста дека револтот кај населението сè повеќе ќе се зголемува и употребата на репресивните мерки ќе станат постојана и нужна потреба од страна на власта. Па така на идните несреќи што ќе претстојат во општеството нема да може да им се види крајот. И двата излеза се страшни. Русија забрзано оди кон нив и да се отргне од овој пат, нема да биде воопшто лесно.“[17] Ова визионерство на Серно-Соловјевич е надвор од просторот и времето и ги секцира скоро сите општествени контрадикции помеѓу владеачката класа и другите општествени слоеви коишто се сè уште актуелни и до ден денешен.

Од членството на организацијата *Земја и волја,* во 1863 година во Москва се формирал еден посебен револуционерен кружок на Н. А. Ишутин, чијашто цел била да се подготви социјална револуција преку заговор на интелектуалните групи. На самиот почеток, кружокот сметал дека преку пропагандната активност требало да се делува меѓу народот. Меѓутоа, во текот на 1865 година повеќето членови од кружокот т.н. *ишутинци* се ориентирале кон создавање на помали тајни организации коишто започнале да користат по енергични средства за борба. Како едно од најважните борбени средства за уништување на постоечкиот руски поредок се сметал индивидуалниот терор насочен кон власта. Оттука, пласираната идеја за атентат на царот довела до разидување меѓу само-

[16] Perović 1988, 94.
[17] Ibidem, 94-95.

то членство во кружокот. Сепак, и покрај раздорот, еден од членовите (братучедот на Ишутин), Д. В. Каракозов којшто бил студент, решил замислата за убиството на царот да ја реализира по секоја цена. Па така, на 4 април 1866 година, тој отпатувал во Санкт Петербург и пукал во царот Александар II. Но, атентатот бил неуспешен, а Каракозов бил затворен и набргу обесен.[18] Како епилог од неговата акција било и уништувањето на целиот кружок. Повеќе од 2 000 народници биле под истрага од страна на руската власт, а од нив 36 биле осудени на различни казни. Меѓутоа, ниту убиството на Каракозов, ниту новите затворања и прогонувања не биле доволни да го заплашат револуционерното движење во руската држава коешто си го нашло својот пат на дејствување.

Веќе во есента 1868 година настапила голема политичка активност меѓу студентите. На широк одзив меѓу нив наишла колумната на Бакунин под името „Науката и народот“, објавена во првиот број на неговото списание *Народно дело* (1 септември 1868 година), коешто почнал да го издава во Женева. Бакунин обраќајќи се на руската младина напишал: „Патот за ослободување на народот со помош на науката за нас е затворен. Затоа ни останува само патот на револуцијата. Најпрво нека се ослободи нашиот народ, а кога ќе биде слободен, тој и самиот ќе сака и ќе може на сѐ да се научи.“[19] Во наредната година во месецот мај, Бакунин во своето повторно обраќање им порачал на „младите браќа во Русија“ да ги напуштат училиштата и универзитетите и да почнат да дејствуваат меѓу народот. Но, според него: „учената младина не треба да биде ниту господар, ниту заштитник, ниту добротвор, ниту пак диктатор на народот, туку само негова бабица, обединител и организатор на народниот отпор“.[20] Овој повик на Бакунин, којшто бил убеден дека населението било спремно за револуција, наишол на поволен одзив меѓу руската интелигенција. Па така, во текот на 1870 – тите неколку десетици народнички кружоци дејствувале во големите градови и низ селата во Русија. Меѓу нив најпознат бил кружокот на Чајковски. Во пролетта и летото 1874 година, т.н. *чајковисти*, а по нив и членовите на другите кружоци, отишле да спроведуваат револуционерна пропаганда во селата на провинциите Москва, Твер, Курск и Воронеж. Движејќи се од село во село, стотици студенти, средношколци, млади интелектуалци облечени во селска облека делеле револуционерна литература меѓу селаните и

[18] Народолюбцы и тираноборцы: Освободительное движение 60-х годов // Николай Троицкий (последен пат пристапено на 1 јули 2025 година).

[19] Perović 1988, 98.

[20] Ibidem, 98-99.

агитирале дека царизмот „веќе не можел да се толерира“.[21] Масовното движење на револуционерната младина познато и како „одење меѓу народот“, на кое особено повикувале покрај Бакунин, и Херцен и Лавров, селанството го примило со недоразбирање и одбојност. Револуционерната интелигенција сфатила дека народот, меѓу којшто таа кренала во акција, всушност, претставувал голема непознаница за неа. Оттука, од дотогашниот „концепт за идеализирање на народот“, (којшто особено го пропагирал Бакунин, а и останатите идеолози на народништвото) започнало да се преминува кон една нова перцепција за улогата на народот. Имено, од претставата за народот како на субјект којшто требал да се крене на една голема социјална револуција се искристализирало дека народот во својата суштина претставувал само објект на револуцијата. И затоа кај народниците веќе почнало да созрева идејата за потребното и неопходно организирање на револуционерното малцинство со цел на истиот тој народ да му донесе „среќа“.[22]

Власта и на т.н. „одење меѓу народот“ одговорила со масовни политички процеси, затворања и со долгогодишни прогонувања. Од 1873 до 1879 година, заради пропагандното делување меѓу руското население, на судска истрага биле подложени 2 565 народници.[23] Неуспехот на оваа акција предизвикало поларизација во револуционерното движење. Кај едните народници дошло до резигнација додека кај другите предизвикало радикализирање на идеите и на методите за борба. Движењето, всушност, наишло на две несовладливи препреки: рамнодушноста на населението и репресалии од страна на власта. Помеѓу пасивното население и репресивната власт изникнала новата ориентација за политичка и радикална борба. Па затоа со особена сила се здобил *јакобинско-бланкистичкиот* правец (или т.н. *ткачевизам*) во руското народничко револуционерно движење. Оваа струја земала замав заради поразот на бакунизмот и лавризмот во пракса односно крахот на движењето за агитирање меѓу народот од страна на руската интелектуална младина. Заради неговиот неуспех, се искристализирала идејата за формирање на една тајна и централизирана револуционерна организација којашто ќе биде различна од дотогашните кружоци и организации и којашто ќе би-

---

[21] В. А. Федоров, *История России 1861-1917, Русское народничество 70-х – начала 80-х годов,* https://web.archive.org/web/20131114030243/http://society.polbu.ru/fedorov_rushistory/ch26_iv.html (последен пат пристаено на 4 јули 2025 година).

[22] Perović, 1988, 67.

[23] Ibidem.

де во состојба да одговори на теророт на власта и воедно ќе може да подготви и раководи со едно масовно востание.

Сосема е очигледно дека хронолошката траекторија за формирањето на ваков тип на организација во руската држава се одвивала во текот на седумдесеттите години на XIX век. Веќе, во почетокот на 1876 година, петроградскиот кружок послужил како јадро за создавање на втората тајна револуционерна организација *Земја и волја.* Меѓутоа, и во оваа организација се појавиле две фракции во однос на методологијата на работа. Првата фракција била за терор и за завернички акции односно за активно настапување на револуционерното малцинство. Додека втората група била против тероризмот и воопшто за било каква политичка акција, таа сметала дека целата своја активност требало да ја канализира кон социјалната пропаганда меѓу населението со лозинката: повторна поделба на земјата меѓу народот и воопшто на сите добра, според принципот на целосна еднаквост и рамноправност. Најголемиот судски процес што се одиграл во 1877 година, познат како „Процес на сто деведесет и тројцата" покажал најдобро колку било распространето народничкото движење изразено преку активноста на организацијата *Земја и волја* во руската држава. И воедно овој процес го иницирал и дефинитивниот расцеп во Организацијата: на групата *Народна волја* (терористичка) и на групата *Црна Прераспределба* која ја преферирала социјално-пропагандната дејност.[24]

Во историјата на револуционерното народничко движење коешто почнало да се развива после граничната 1861 година, *Народна волја* (1878) го означила новиот период т.е. третата фаза. Имено, *Народна волја* била првата централизирана организација со општоруски карактер. Само една година после нејзиното настанување, таа имала свои местни организации во сите поголеми градови во европскиот дел на руската држава. *Народна волја* го потврдила одлучувачкото значење од постоењето на еден центар во тајната револуционерна организација. Нејзиниот Извршен комитет имал командна улога. Во своите раце, тој цврсто ги држел врските со организациите во внатрешноста, како и конекциите со странство. На него била потчинета и воената организација. Целата оваа централизирана и хиерарсиска поставеност придонело веќе во 1880 година, Извршниот комитет да „се стекне со значително поголемо влијание отколку што очекувале и самите народници".[25]

---

[24] Jelačić 1929, 99.

[25] Perović 1988, 131.

Во *Народна волја* постоеле извесни нијанси во однос на методологијата на делувањето, но, всушност, таа во целост ја напуштила идејата за народна револуција и се ориентирала кон политичка борба, односно кон уништување на самодржавната власт на царот по пат на преврат. После низата на атентати на претставниците на власта, политичките процеси, извршените смртни казни над револуционерите, теророт се претворил во општествена зараза. По долгите и опсежни подготовки, на 1 март 1881 година, бил извршен атентат и на самиот цар Александар II. Со овој чин, организацијата *Народна волја* се исцрпела во однос на човечкиот и организацискиот потенцијал, но, не и во политичка и идејна смисла.

После атентатот, Извршниот комитет на *Народна волја* упатил отворено писмо до новиот устоличен цар Александар III (1881 - 1894), во коешто поставил два услова во однос на преминот од револуционерна кон мирнодопската активност: амнестија на сите политички затвореници и слободни избори за народно собрание. Во писмото децидно било апострофирано дека народното собрание требало да одлучи за формата на државното и општественото уредување во руската држава.[26] Всушност, ова писмо претставувало и едно од најзначајните документи на *Народна волја*. Во него биле предочени причините за теророт и популарноста за царевото убиство, но и за последиците од оддржувањето на постоечкиот поредок. Со умереноста и разумноста на барањата, писмото го привлекло вниманието и предизвикало симпатии не само кај прогресивната јавност во Русија, туку и во Западна Европа. Меѓутоа, по атентатот на Александар II дошло до реакција и нови репресалии од страна на царската власт. Всушност, после убиството на Александар II, Извршниот комитет на *Народна волја* го префрлил своето седиште од Санкт Петербург во Москва. Клучна улога во создавањето на новите кружоци, во ширењето на воената организација, организирањето на печатот, воспоставувањето на конспиративните врски, играла Вера Фигнер[27],

[26] Ibidem.

[27] Вера Фигнер била родена во Казахстан во 1852 година, во благородничко семејство. Таа се запишала на студиите по медицина во Цирих, Швајцарија. Во Цирих, Вера дошла во допир со идеите на Бакунин, Лавров и Ткачов. Учествувала во движењето „одењето меѓу народот". Таа била и член на втората тајна револуционерна организација *Земја и волја*, а потоа и легендарен член на Извршниот комитет на *Народна волја*. Со својата дејност, по атентатот на Александар II, Фингер го напишала и последното поглавје од историјата на организацијата *Народна волја*. Подоцна таа била затворена и поминала 20 години во затвор во Шлиселбуршката тврдина, пред

единствената членка на Извршниот комитет којашто останала жива и не била затворена. Процесот на одумирањето на *Народна волја*, како на организација траел неколку години. Последните кружоци поврзани со неа, меѓу кои бил и кружокот на братот на Ленин, Александар Уљанов, во којшто на 1 март 1887 година бил подготвуван атентатот на Александар III, исчезнале дури при крајот на 1886 година.

Од епилогот на дејствувањето на *Народна волја* биле извлечени разни заклучоци помеѓу самите народници. Плеханов[28] верувал дека со *Народна волја* во руското револуционерно движење се исцрпела ориентацијата за терор: со убиството на Александар II, таа си го задала смртниот удар на самата себеси. Меѓу едните *народоволци* се изгубила вербата од потребата за борба против самодржавието. Бившиот идеолог на *Народна волја,* Лав Тихомиров[29], во 1888 година барал прошка од царот и преминал во служба на монархијата. Кај останатите, пак, дошло до криза во довербата во народот, кој и после атентатот, останал пасивен. Меѓутоа, кај мнозинството *народоволци* (како што покажува и многуб-

да биде испратена во внатрешен егзил. Во 1906 година заминала во Европа. Во Швајцарија ги напишала своите мемоари. По октомвриската револуција (1917), таа се посветила на организирањето на помошта на преживеаните затвореници од Шлиселбуршката тврдина и во собирањето и објавувањето на изворите за *Народна волја.* Нејзините собрани дела во седум томови биле публикувани во Москва во 1932 година. Таа починала во Москва во 1942 година.

[28] Георги Плеханов бил роден во 1856 година во руското село Гудаловка, во татарско благородничко семејство на земјопоседници. Плеханов се запишал да студира Воена академија, којашто набргу ја напуштил па, потоа се префрлил на металуршкиот одсек на Санктпетербуршкиот Универзитет. За време на студентските денови, тој активно се вклучил во народничкото движење и станал член на организацијата *Земја и волја.* Но, подоцна тој станал марксист и во 1883 година ја создава првата марксистичко-политичка организација *Ослободување на трудот* во руската држава. Плеханов се спротивставил на народниците и ја застапувал тезата дека во борбата за социјалистичката иднина, пред сè е потребен развојот на капитализмот во аграрна Русија. Плеханов се смета дека бил основач на социјалдемократското движење во руската држава. Со расцепувањето на Руската социјалдемократска работничка партија на болшевици и меншевици во 1903 година, тој сметал дека болшевиците на чело со Ленин делувале против објективните закони на историјата. Плеханов починал во Финска во 1918 година.

[29] Лав Александрович Тихомиров бил роден во Геленџик во 1852 година. Тој во својата младост бил револуционер и член на Извршниот комитет на *Народна волја.* По распаѓањето на организацијата, тој станал еден од водечките конзервативни мислители во руската држава. Л. Тихомиров напишал неколку книги за монархизмот, православието и за руската политичка филозофија. Тој починал во 1923 година во Сергиев Посад во СССР.

ројната изворна литература што ја оставиле зад себе), била присутна свеста дека нивната организација ја означила пресвртницата во руското револуционерно движење. Најзначајната придобивка според нивното мислење била идејата за тајно-борбена и централизирана организација на револуционери како главна сила против самодржавието. А, народоволскиот период на делување, тие го гледале како пролог на револуцијата.[30]

## ЗАКЛУЧОК

Иако тероризмот на народниците (т.н. *народоволци*) не успеал значајно да го ослабне рускиот царизам, сепак, тој го обликувал силниот меѓународен профил на руското револуционерно движење и успеал да ја искристализира идејата дека руската револуција е нужна и неизбежна.[31] Според британскиот историчар Ерик Хобсбаум значењето на народништвото се состои во тоа што истото започнало да го означува почетокот на континуираната револуционерна агитација во Русија којашто во временски интервал од педесетина години ќе успее да го сруши царизмот и истовремено ќе го создаде за прв пат во историјата на човештвото системот чијашто цел била изградба на социјалистичкото општество.[32] Впрочем, несомнено е дека народничкото движење се појавило како симптом на кризата што се појавила помеѓу шеесеттите и седумдесеттите години на XIX век во Руската Империја и за брзо и неочекувано време (за многу западни набљудувачи) успеало да ја преобрази руската држава од стабилно упориште на светската реакција во џин на глинени нозе под сенката на револуцијата којашто ќе ѝ донесе пропаст. Па токму и затоа, Хобсбаум во книгата *Времето на Царствата 1875-1914* во својот објаснувачки наратив за народниците укажува дека тие создале нешто како лабораторија во којашто ги испробувале сите големи револуционерни идеи во XIX век, измешани и преобразени во облици што допрва ќе настапат во XX век.[33] Имено, филозофијата и делувањето на народниците помогнале во трасирањето на рускиот пат кон двете револуции: во 1905 и во 1917 година. Затоа и не е за изненадување што и односот на Ленин[34] (водачот на болшевиците и прregister на Советска

[30] Perović 1988, 135.

[31] Hobsbaum 2019, 358.

[32] Hobsbaum 1989, 134.

[33] Hobsbaum 2019, 358.

[34] Владимир Илич Улјанов Ленин бил роден на 22 април 1870 година во Симбирск, Московска губернија. Тој се заинтересирал за револуционерната левичарска по-

Русија) кон политичката програма на револуционерните народници покажува дека во голема мера, и револуцијата за него, останала инструмент за забрзување на развојот на руската држава. Борбата за уништувањето на апсолутизмот, руските револуционерни народници ја оставиле во наследство и на руската социјалдемократија. Затоа таа, според Ленин, морала да се прилагодува на руските услови, коишто биле различни од условите во коишто дејствувала западно европската социјалдемократија. Всушност, големата заостанатост, остатоците на феудализ-

литика по погубувањето на неговиот постар брат Александар во 1887 година. Заради учеството во антицарските протести, Ленин бил исфрлен од државниот Казањски Универзитет. Во 1891 година, дипломирал право на Санктпетербуршкиот Универзитет. Во следните години, тој се посветил на изучување на правото и на радикалната политика и набргу станал марксист. Во 1893 година се преселил во Санкт Петербург и станал значајна фигура во Руската социјалдемократската партија. Набргу бил затворен и протеран во Сибир на три години. После ова, тој побегнал во Западна Европа. Ленин живеел во Германија, Франција, Велика Британија и Швајцарија и станал познат како истакнат партиски теоретичар. Во 1903 година, тој имал клучна улога во поделбата на Руската социјалдемократска партија, предводејќи ја болшевичката фракција против меншевиците на Јулиј Мартов. На кратко се вратил во Русија за време на револуцијата во 1905 година. Тој се заложувал за насилна побуна и подоцна ја водел кампањата Првата светска војна да се преобрати во европска пролетерска револуција. Со Февруарската револуција од 1917 година, кога бил тргнат царот Николај II, Ленин повторно се вратил во Русија. Тој имал важна улога во водењето на Октомвриската револуција во 1917 година, којашто довела до создавање на Руската Социјалистичка Федеративна Советска Република, првата социјалистичка држава на светот. Новата влада под водството на Ленин тргнала да воведува социјалистички реформи, меѓу коишто била и преносот на благородничките и царските земји на работничките совети. Во периодот по Октомвриската револуција, тој раководел со разорена и опустошена земја, борејќи се против контрареволуционерните сили и трупите на странскиот интервенционизам, бранејќи ја советската власт. Покрај поголемите теоретски трудови - *Пролетерската револуција и ренегатот Кауцки* (1920) и *Детската болест на левичарството во комунизмот* (1920), тој напишал повеќе брошури, расправи, статии, тези и резолуции. Неговите теоретски придонеси кон марксистичката доктрина се познати и како ленинизам коишто заедно со марксистичката економска теорија се именуваат како марксизам-ленинизам. Здобиените рани во есеровскиот атентат (1918) и постојаната напорна работа си го направиле своето - кон средината на 1922 година, тој тешко се разболел. Иако бил болен, кон крајот на 1922 година го критикувал големорускиот шовинизам, спречувајќи го прифаќањето на Сталиновиот проект за „автоматизација“. По неговата критика, бил изработен и прифатен нов проект, според кој советските републики се обединиле врз начелото на доброволност и рамноправност во Сојуз на Советските Социјалистички Републики. Ленин починал на 21 јануари 1924 година во Москва.

мот и самодржавието го канализирале Ленин на заклучокот дека социјалдемократското движење во Русија не може да се ограничи само на пропагандата во кружоците, ниту пак, единствено на економската борба. Отфрлувајќи ги економските сфаќања на народниците (нивната идеја за самостоен развој на социјализмот во Русија врз база на општината, односно на колективната селанска сопственост на земјата), Ленин од нив ги презема целите и средствата за политичката борба, меѓу кои, пред сè, организацијата на революционерите којашто ја поврзува со класната борба на пролетеријатот. „Традицијата на претходното революционерно движење во Русија - напишал Ленин во 1899 година - бара од денешната социјалдемократија да ги концентрира сите свои сили на организирањето на партија, на зацврстувањето на дисциплината во неа и на развојот на техниките на конспиративното делување.“[35] Па така, револуционерната траекторија што ја започнале народниците при крајот на XIX век, за рушењето на апсолутистичката и Царска Русија, успешно ја завршиле болшевиците со Октомвриската револуција во 1917 година на чело со Ленин.

Народничките идеи имале свое влијание и на Балканот. Имено, под силното влијание на руското народништво, нихилизмот и анархизмот ќе биде создаден првиот македонски анархистички кружок во Пловдив во 1895 година.[36] Веќе во 1897 година, Македонскиот Таен Револуционерен Комитет (МТРК) бил формиран во Женева. Членовите на овој Комитет биле со народнички, социјалистички и анархистички убедувања. Програмската документација на МТРК (Уставот, Програмата и Апелот), несомнено упатува дека неговата главна цел била ослободување на османлиска Македонија и Одринскиот вилает од „султановата држава“.[37] Идејното оформување на солунскиот анархистички кружок во 1899 година е во директна врска со конспиративниот кружок во Пловдив и со комитетот во Женева. Овој солунскиот кружок познат под името и како гемиџиски кружок, претежно составен од млади велешани ќе ги изврши познатите Солунски атентати во 1903 година и на тој начин ќе го заземе своето посебно место во македонското револуционерно ослободително движење.[38]

---

[35] Ленин В. И. 1960-1965, 176.

[36] Овој кружок бил создаден од страна на Михаил Герџиков и Петар Манџуков. Види: Митрова 2024, 109-126.

[37] Зографски 1954, 24. Види: Ѓорѓиев 1991, 135-151.

[38] Види: Битоски 2003.

## БИБЛИОГРАФИЈА

Битоски К., *Солунските атентати 1903,* Институт за национална историја, Скопје 2003.

Ѓорѓиев В., „Апелот на Македонскиот таен револуционерен комитет од 1898 година" *Гласник,* XXXV/1-2, Скопје 1991, 135-151.

Зографски Д., *Македонскиот Таен Револуционерен Комитет и „Отмъщение"* Институт за национална историја, Скопје 1954.

Jelačić A., *Istorija Rusije*: *Velike reforme, reakcija i revolucija,* Srpska književna zadruga, Beograd, 1929.

Ленин В. И., „Протест российских социјал-демократов"*, Полное собрание сочинений,* т. 4, Москва 1960-1965.

Митрова М., „Петар Манџуков (1878 - 1966): еден животен век - две врвици", *Гласник,* год. 68, бр. 1-2, Скопје 2024, 109-126.

Perović L., *Srpski socijalisti 19 veka*, knj. 1, Beograd 1985.

Perović L., *Planirana revolucija*, BIGZ, Beograd, Globus, Zagreb 1988.

Народолюбцы и тираноборцы: Освободительное движение 60-х годов //Николай Троицкий (последен пат пристапено на 1 јули 2025 година).

Федоров В. А., *История России 1861-1917, Русское народничество 70-х – начала 80-х годов,* https://web.archive.org/web/20131114030243/http://society.polbu.ru/fedor ov_rushistory/ch26_iv.html (последен пат пристаено на 4. 07. 2024 година).

Hobsbawn E., *Doba kapitala 1848-1875,* Zagreb, 1989.

Hobsbaum E., *Doba Carstva 1875-1914,* Beograd 2019.

Чорбић, Д., „Народњаштво као друштвено-политички покрет", *Зборник радова правног факултета у Нишу* (*Усклађивање права Србије са правом ЕУ*)*,* Ниш, 2014, 80. http://www.prafak.ni.ac.rs/files/centar_pub/pf-zbornik-projekat-2014.pdf (последен пат пристапено на 22. 6. 2024 година).

Makedonka Mitrova
m.mitrova@yahoo.com

## THE RUSSIAN *NARODNICHESTVO*: A HISTORICAL OVERVIEW

(summary)

The Narodnik movement emerged as a symptom of the crisis that gripped the Russian Empire between the 1860s and 1870s. To many Western observers, it quickly and unexpectedly transformed Russia from what seemed a bastion of reaction into a colossus with feet of clay, overshadowed by the spectre of revolution and

eventual collapse. Hobsbawm, in *The Age of Empire 1875–1914*, describes the Narodniks as having created a kind of "laboratory" where all the major revolutionary ideas of the 19th century were tested, reworked, and reshaped into forms that would dominate the 20th century. Namely, the Narodniks' philosophy and activism laid important groundwork for Russia's revolutionary path, culminating in the revolutions of 1905 and 1917. The trajectory they began at the end of the 19th century, by challenging Tsarist autocracy, was ultimately carried through to completion by the Bolsheviks in the October Revolution of 1917 under Lenin's leadership. Narodniks' ideas also left their mark beyond Russia. In fact, it influenced the ideological formation of the *Gemidzii Circle* in Thessaloniki (Salonica) in 1899. Formed mainly of young men from Veles, this group carried out the famous Thessaloniki Assassinations in 1903, securing a distinct place within the Macedonian revolutionary liberation movement.